Љупчо Коцарев

Македонска академија на науките и уметностите – Скопје
lkocarev@manu.edu.mk

## ДАЛИ ЧОВЕШТВОТО ИМА ПОТРЕБА ОД ФИЛОЗОФИЈАТА?

Денешново кусо обраќање по повод издавањето на Филозофскиот речник има наслов „Дали човештвото има потреба од филозофијата?“ Аристотел верувал дека разбирањето на човековата највисока задача или функција (ергон) и можноста да се разбере дали се реализира неговиот целосен потенцијал, или инхерентна функција (aretê), се неопходни ако навистина сакаме да разбереме како човечките суштества можат да просперираат. Според него, ангажирањето на нашите највисоки интелектуални способности – и пред сè, филозофирање – е највисоката цел на човечкиот живот.

Денес, сепак, би сакал од друг агол да се осврнам на поставеното прашање, посебно затоа што присуствуваме на промоција на Филозофски речник.

Во 1746 година, група издавачи потпишуваат договор, вреден 1.500 гвинеи, или во денешна противвредност 500.000 евра, со Семјуел Џонсон, за тој да создаде престижен Речник на англискиот јазик. Инаку, само да се потсетиме, Семјуел Џонсон (1709 – 1784) е англиски писател, според Оксфордскиот речник „веројатно најистакнатиот човек на пишаниот збор во англиската историја“, кој дал траен придонес како поет, драматург, есеист, критичар, биограф, уредник и лексикограф. Француската академија организираше 40 научници кои потрошија 40 години за да го завршат својот речник, додека, пак, иако Џонсон тврдеше дека проектот може да се заврши за три години, сепак тоа го направи за осум години. Оттука, Речникот, според некои автори, е „едно од најголемите академски достигнувања и веројатно најголемото извршено од еден поединец“.

Денес присуствуваме на промоција на еден извонреден речник, што ме поттикна да понудам мои размисли за иднината на човештвото. Живееме во период кога општествените активности и настани поврзани со протокот на информации тргнаа во погрешна насока, живееме во период кој може да се опише со три синтагми: „шок на инклузија“, „ехо-комора“ и „епистемолошки меур“. Терминот „шок

на инклузија“ означува дека професионалните медиуми се задушени од издаваштвото на неколку милијарди аматери, што доведе до деградација на просечниот квалитет на јавната мисла: ако секој може да каже што сака кога сака, и тоа да го сподели на социјалните медиуми со илјадници други следбеници, како е можно таа деградација да не се случи? „Ехо-комората“ е општествена структура во која другите релевантни информации се активно дискредитирани, додека, пак, „епистемолошки меур“ е структура во која релевантните информации се намерно или ненамерно исклучени, на пример, преку селективно избегнување контакт со спротивставени ставови.

Во 18 век, во времето кога живееше Семјуел Џонсон, можноста за издаваштво предизвика, од една страна, информатичка експлозија и ширење на информациите, но, од друга страна, создаде потреба од нови алатки – алатки што ќе овозможат и ќе нѐ упатат кон добивање корисни и веродостојни информации. Големиот речник на англискиот јазик на Џонсон – првиот модерен речник – е пример за таква алатка. Со зголемувањето на бројот на печатени книги, вештината за барање информации ја замени вештина за помнење, па, оттука, научникот веќе не мораше да се потпира на својата меморијата – требаше само да знае каде и како да дојде до новите информации.

Во 21 век, интернетот, дигиталните ресурси и веб-пребарувачите го сменија начинот на којшто добиваме информации и се едуцираме: добро формулирано барање за пребарување е многу поефективно од пребарување во библиотеките, во речниците, каталозите и енциклопедиите – да се знае како да се стигне до информациите, стана домен на машините, а не на луѓето. Денес се оствари демократизацијата на барањето информации, на сличен начин како што во 18 век се демократизираше пристапот до информации.

Меѓутоа, за жал, поголемиот дел од она што го бараме, т. е. најголем дел од информациите добиени преку интернет се бескорисни. Шокот на инклузијата, ехо-коморите и епистемолошките меури укажуваат дека се потребни одговори на прашањата: „Во изобилството на информации, кои информации се важни?“ и „Дали важните информации се вистинити?“ Без соодветни и здраворазумски одговори на овие прашања, стравувам дека 21 век ќе претставува почеток на нов среден век.

За да го најдеме одговорот на овие прашања и да го надминеме шокот на инклузијата, ехо-коморите и епистемолошките меури, нам, на човештвото, повеќе од кога било денес ни е потребна филозофијата. Моите размислувања за тоа како да се пристапи кон овие предизвици, сепак, подетално ќе ги елаборирам во друга пригода.